**Јас и моите мисли**

Во утро светло или ноќ без глас,
секогаш со мене, како неизбежен спас.
Во мигови на тишина, тие пеат песна,
и ми покажуваат дека во нив светлина блесна.

Мислите ми шепнат: „Не плаши се, чекори,
секој ден носи нови, неоткриени простори".
Со нив зборувам понекогаш гласно,
како ветер што шушти, тивко- но јасно.
Тие се мои сенки, не бегаат лесно,
како дожд што капе, како сонце пресно.
Затоа не бегам, со љубов ги прифаќам,
тие се дел од мене, животот на кој припаѓам .

Со нив растам, се учам и се градам,
и низ тие мисли, светлината ја барам.
Зашто јас и моите мисли сме едно,
без нив не би била тоа што сум – парче вредно!

Па знам дека тие се дел и од мој свет,
со нив сум тоа што сум на секој лет.
Секоја мисла носи своја тежина,
некогаш е грижа, некогаш е свежина.
Но знам дека без нив не би била јас,
тие ме водат низ секој ден, низ секој час.
Во мислите има сила, има и бол,
тие ми се и светлина, но и на раната -сол.

Го слушам нивниот шепот, нивниот повик,
и знам дека тие се мој вечен поттик.
Затоа ги следам, како водич низ мрак,
јас и моите мисли – вечен заеднички знак.
А понекогаш ме носат далеку од сè,
во нив го наоѓам тоа што не е видливо повеќе.

Тие се сенки, тие се светлини,
мојата вистина, моите ведрини.
Се борат во мене, за место и глас,
па јас ги слушам, знам дека тука се за спас.

Во мислите најдувам мој тивок дом,
таму светот е јасен, и патот е длабок сон.
Јас и моите мисли, постојано сплотени,
во бескрајот на умот, заедно засекогаш вклопени.

**Шиникоска Теона**

**IX-1 одделение**

**ООУ „Кочо Рацин“- Охрид**

**Ментор: Наташа Неданоска**